Bojan Marichikj

Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.09.24 09:56:25 +02'00'

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05 - 2554/1

Скопје, 17.09.2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ“ бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

## О Д Л У К А

## за јавна набавка на услуги – Реновирање на подрачни одделенија

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе поедноставена отворена постапка за јавна набавка на работи и тоа: Реновирање на подрачни одделенија.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Реновирање на подрачни одделенија.

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 1.700.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 306.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 2.006.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 49**, од Законот за јавните набавки (“Службен весник на РМ“ бр.24/19), односно со спроведување на **поедноставена отворена постапка** за доделување на договор за јавна набавка на работи со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која нема да заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во постапката.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на фактурата во архивата на Министерството за правда.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на работи.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

- Претседател на комисија: Михајло Војтикив
- Членови: - Орхан Сулимани
  - Насер Ќамили

- Заменик претседател на комисија: Петар Мирковиќ
- Членови: - Марија Бриндевска
  - Ацо Живковски

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.

9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи. Предмет на набавка е: набавка на работи – Реновирање на подрачни одделенија.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 1.700.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 306.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 2.006.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Министер за правда
м-р Бојан Маричиќ

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup

Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification